**До Министерство за транспорт и врски, лице за контакт Љупчо Шемов**
-доставено преку ЕНЕР системот и по електронска пошта

**ПРЕДМЕТ:** Забелешка и образложение на предлогот за измена во Нацрт - Закон за воздухопловство Вер 1.1 објавен на ЕНЕР системот на 14.12.2021 од страна на Министерство за транспорт и врски

Почитувани,
Со овој допис доставуваме следна забелешка во Нацрт-Закон за воздухопловство Вер 1.1 :

Во член 118 став (1) точка в) алинеја 4, ATSEP персоналот е опишан/дефиниран како:

*" - лица одговорни за одржување на CNS/ATM опрема одобрена за оперативна употреба (ATSEP),"*

Наведениот опис/дефиниција за ATSEP персонал е ново решение кое не е добро (нецелосно и ограничувачко решение) и решение кое нема претходна употреба во прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, односно EASA, ICAO, ECAC и EUROCONTROL.

Во важечкиот меѓународен документ/легислатива на ЕУ односно EASA и во важечкиот Закон за воздухопловство на РСМ, за ATSEP персоналот се употребуваат следни описи/дефиниции дадени во следнава табела:

| **Regulation EU 2017/373** | **важечки Закон за воздухополовство**<br>(пречистен текст 2020год.) |
|---|---|
| *ANNEX I*<br>**DEFINITIONS OF TERMS USED IN ANNEXES II TO XIII**<br>For the purposes of Annexes II to XIII, the following definitions shall apply: | Член 4<br>Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: |
| (20) 'air traffic safety electronics personnel (**ATSEP**)' means any authorised personnel who are competent to operate, maintain, release from, and return into operations equipment of the functional system;<br><br>(56) 'functional system' means a combination of procedures, human resources and equipment, including hardware and software, organised to perform a function within the context of ATM/ANS and other ATM network functions; | 58. "**Персонал во воздухопловството**" се лица кои врз основа на степенот на стручна подготовка, стручната оспособеност, дозволата во која е впишано соодветно овластување или уверение за оспособеност, како и овластувањата, вршат и обезбедуваат работи од значење за безбедноста на воздухопловството.<br>Во персонал во воздухопловството спаѓаат:<br><br>ж) персонал за поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (**ATSEP**), |

Во член 3 став (1) и (2) од Нацрт-Закон за воздухополовство Вер 1.1 пишува:
*"(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачани практики и легислатива на ЕУ односно EASA, ICAO, ECAC и EUROCONTROL, како и ратификуваните меѓународни договори."*

*"(2) Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои овој закон и подзаконските прописи предвидени со овој закон вршат само упатување, се сметаат за прифатени и директно се применуваат. "*

**Од горенеаведените причини предлагаме во член 118 став (1) точка в) алинејата 4 да се измени и да гласи:**

*" - лица одговорни за работа, одржување и мониторирање на оперативни технички средства, уреди и опрема за давање ATM/ANS услуги и функции (ATSEP персонал), "*

Кој е ATSEP персоналот?

-ATSEP е меѓународно прифатена кратенка од зборовите "*Air Traffic Safety Electronics Personnel (ATSEP)*" со која се означуваат компетенти стручни лица – инженерски и технички персонал за извршување на работи (*мониторирање, контрола, управување, превентивно и корективно одржување*) на оперативни уреди/системи на воздухопловна навигација, поврзани со безбедно и уредно одвивање на воздушниот сообраќај односно давање на услуги на воздухопловна навигација (услуги на контрола на летањето).

-Со донесување Законот за воздухополовство (ЗВ) во 2006 година како и со донесување на Правилникот за ATSEP персонал од страна на АЦВ во 2009 година, меѓународната кратенка за ATSEP персонал е прифатена во нашето законодавство.

-Согласно ЗВ, ATSEP персонал се лица кои врз основа на степенот на стручна подготовка, стручната оспособеност, дозволата во која е впишано соодветно овластување или уверение за оспособеност, како и овластувањата, вршат и обезбедуваат работи од значење за безбедноста на воздухопловството и тоа на поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (ATSEP).

-Со донесување на ЕУ регулативата 2017/373, ATSEP персоналот е дефиниран како овластени лица компетентни да работат/управуваат, одржуваат, исклучуваат и враќаат во работа технички оперативни уреди/системи за давање на услуги на воздухополовна навигација (ATM/ANS услуги и функции).

Благодариме на вашето време, разбирање на горенаведените причини за забелешки/коментари како и предлогот за измена во член 118 став (1) точка в) алинеја 4 .

Срдечно,
Во Скопје, 17.12.2021 год.

Славчо Горчески, рак. за информатички системи и инструктор за ATSEP персонал (30 год. раб.стаж)

Драгољуб Патчев, рак. за комуникации и инструктор за ATSEP персонал (27 год. раб.стаж)

Милан Кораќ, рак. за енергетски системи и инструктор за ATSEP персонал (30 год. раб.стаж)

Горан Биковски, рак. за навигациски системи и инструктор за ATSEP персонал (23 год. раб.стаж)

Александар Андреески, рак. за техника Охрид и инструктор за ATSEP персонал (25 год. раб.стаж)

Томчо Георгиев, рак. за надзорни системи и ATSEP (25 год. раб.стаж)